**20181061964**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 37 став (4) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2018) министерот за економија, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за доделување на финансиска поддршка и потребната документација.

Член 2

Барањето за доделување на финансиска поддршка за инвестициски проекти надвор од технолошко индустриски развојни зони се поднесува до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, согласно член 36 став (3) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за доделување на финансиска поддршка за инвестициски проекти во технолошко индустриски развојни зони се поднесува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно член 36 став (2) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Кон барањето од членовите 2 и 3 на овој правилник се поднесуваат следните документи:

- Писмо на намери;
- Деловен план за инвестициски проект;
- Тековна состојба за деловниот субјект издаден од Централниот регистар на Република Македонија, не постара од 60 дена;
- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 60 дена;
- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 дена;
- Потврда од Царинската управа дека деловниот субјект нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, не постара од 60 дена;
- Уверение од Управата за јавни приходи дека нема настанати и ненамирени даночни обврски, не постаро од 60 дена;

- Годишни сметки со финансиски извештаи и консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи, доколку деловниот субјект составува и објавува ваков вид на извештаи, за последните четири години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност; и
- Потврда од надлежен орган на странска држава за пријавено живеалиште или привремен престој за државјани на Република Македонија, основачи на деловниот субјект согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-3619/2
6 јуни 2018 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши,** с.р.

Прилог 1

**ДО**:
Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија
Ул. „Никола Вапцаров“ бр. 7,1000 ,Скопје

**Б А Р А Њ Е**
за доделување на финансиска поддршка

Од друштво _______________________________________________ со седиште на _________________________________, со ЕМБС __________________, тел-број: ______________ и е-пошта:_____________________

Поднесуваме барање за склучување на договор за финансиска поддршка со Владата на Република Македонија согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, за следните видови на финансиска поддршка:

☐ 1. Поддршка за нови вработувања
☐ 2. Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување
☐ 3. Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес:
  ☐ 3.1 Исплата на средства во висина на платен персонален данок на доход од платите на вработени државјани на Република Македонија
  ☐ 3.2 Исплата на средства во висина на платен данок на добивка
  ☐ 3.3 Парични средства во износ до 10% од реализираниот износ на инвестицијата
  ☐ 3.4 Исплата на парични средства за секој вработен за кој е исплатена нето плата повисока за најмалку 50% од висината на минималнатата нето плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Македонија
☐ 4. Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи
☐ 5. Поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии
☐ 6. Поддршка за зголемување на конкуретноста на пазарот
☐ 7. Поддршка за освојување на нови пазари и за пораст на продажба.

*(Барателот со означување се изјаснува за кои видови на финансиска поддршка од горенаведените се однесува барањето.)*

Со ова барање ја приложуваме и следната документација:
☐ Писмо на намери;
☐ Деловен план за инвестициски проект;
☐ Тековна состојба за субјектот издадена на _______ 20__ година;

☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, издадена на _______ 20____ година;
☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, издадена на _______ 20____ година;
☐ Потврда од Царинската управа дека деловниот субјект нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, издадена на _______20____ година;
☐ Уверение од Управата за јавни приходи дека нема настанати и ненамирани даночни обврски, издадено на датум: _______ 20 ____ година;
☐ Годишни сметки со финансиски извештаи за последните ____ години;
☐ Консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи за последните _____ години; и
☐ Потврда од надлежен орган на странска држава за пријавено живеалиште или привремен престој за државјани на Република Македонија, основачи на деловниот субјект, согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции (за барање за финансиска поддршка согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции).
(*Барателот ги означува документите кои ги приложува кон барањето и ги пополнува бараните информации)*

По барање на надлежниот орган согласни сме да доставиме и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето и документацијата.

Датум **БАРАТЕЛ**

_______________________________

___________

_______________________________

М.П (*скр.назив на друштво, одг.лице, потпис*)

Прилог 2

**ДО:**
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Бул. „Партизански Одреди“ бр. 2, 1000, Скопје

**Б А Р А Њ Е**

за доделување на финансиска поддршка

Од друштво ______________________________________________ со седиште на __________________________________, со ЕМБС _________________, тел.број: ____________ и е-пошта:______________________

Поднесуваме барање за склучување на договор за финансиска поддршка со Владата на Република Македонија согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, за следните видови на финансиска поддршка:

☐ 1. Поддршка за нови вработувања

☐ 2. Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Македонија

☐ 3. Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување

☐ 4. Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес:

☐ 4.1 парични средства во износ до 10% од реализираниот износ на инвестицијата

☐ 4.2 исплата на парични средства за секој вработен за кој е исплатена нето плата повисока за најмалку 50% од висината на минималнатата нето плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Македонија

☐ 5. Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи

☐ 6. Поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии

☐ 7. Поддршка за зголемување на конкуретноста на пазарот

*(Барателот со означување се изјаснува за кои видови на финансиска поддршка од горенаведените се однесува барањето.)*

Со ова барање ја приложуваме и следната документација:

☐ Писмо на намери;

☐ Деловен план за инвестициски проект;

☐ Тековна состојба за субјектот издадена на _______ 20____ година;

☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постпка, издадена на _______ 20____ година;

☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, издадена на _______ 20____ година;

☐ Потврда од Царинската управа дека деловниот субјект нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, издадена на _______20____година;

☐ Уверение од Управата за јавни приходи дека нема настанати и ненамирени даночни обврски, издадено на датум: _______ 20 ____ година;

☐ Годишни сметки со финансиски извештаи за последните ____ години;

☐ Консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештај за последните _____ години;

☐ Потврда од надлежен орган на странска држава за пријавено живеалиште или привремен престој за државјани на Република Македонија, основачи на деловниот сувјект согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции ( за барање за финансиска поддршка согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции).

(*Барателот ги означува документите кои ги приложува кон барањето и ги пополнува бараните информации)*

По барање на надлежниот орган согласни сме да доставиме и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето и документацијата.

Датум **БАРАТЕЛ**

___________________________

___________

___________________________

М.П (*скр.назив на друштво, одг.лице, потпис*)